Врз согласност со чл.384,385,387,388,388-а од Законот за трговски друштва (Сл.Весник на РМ бр.28/2004;бр.25/2007;бр.42/2010;бр.61/16) и чл.25 од Статутот на Акционерското друштво за производство, преработка и конзервирање на овошје и зеленчук Фруктал Мак -Скопје, с.Моране, Управниот одбор објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## За свикување на седница на годишно собрание на ФРУКТАЛ МАК АД СКОПЈЕ

Се известуваат акционерите на друштвото дека седницата на собранието ќе се одржи на ден 31.05.2021 година со почеток во 11,00 часот, во просториите на Фруктал мак АД Скопје, со седиште во с.Моране,ул.5 бр.41, Скопје.

За собранието на Акционерското друштво се предлага следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

**Процедурален дел:**

1.Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери;

2.Утврдување на кворум за работа;

3.Избор на Претседавач на Собранието;

**Работен дел:**

4.Усвојување на записникот од собранието на Акционери одржано на ден 02.12.2020 година;

5.Разгледување на извештајот на Претседателот на УО за работата на друштвото за 2020 година;

6.Извештај за економско финансиската ревизија на друштвото за 2020 година изготвен од страна на овластен ревизор;

7.Разгледување и усвојување на годишната сметка за 2020 година со извештајот за работењето на друштвото за 2020 година;

8.Одобрување на работата на Надзорниот и Управниот одбор за 2020 година;

9.Назначување на овластен ревизор.

Акционерите треба да го пријават своето учество на собранието најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание со писмена пријава за учество во седиштето на друштвото

Секој акционер може да овласти свој полномошник на Собранието со полномошно дадено во писмена форма и заверено на нотар.

Акционер може да овласти свој полномошник и со полномошно дадено во писмена форма кое не е заверено на нотар ,при што акционерот кој го издал полномошното треба веднаш писмено да го извести друштвото за даденото полномошно кое треба да биде приложено кон пријавата за учество.Акционерот кој нема да го извести друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Ако полномошното не содржи ограничувања или налог полномошникот може да гласа по сопствена определба, но секогаш водејќи сметка за интересите на акционерот кој го дал полномошното.

Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред.

Акционерите кои заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акциите со право на глас можат по писмен пат да предложат дополнување на дневниот ред со вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на собрание кое е веќе свикано, ако истовремено приложат и образложение за предложената точка или ако предложат одлука по предложената точка, како и да предлагаат одлуки и да поставуваат прашања до друштвото за точките на дневниот ред

Барањето за вклучување точки во дневниот ред на собранието кое што е свикано, предлагањето одлуки и поставувањето прашања се доставува до свикувачот на собранието во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик за учество на собранието.

Увид во материјалите од дневниот ред акционерите можат да извршат 15 дена пред одржувањето на собранието, во просториите на друштвото во Скопје, с.Моране, од 08,00-16,00 часот како и на интернет страната на друштвото www.fructal.com.mk. на која се објавени и сите информации согласно чл.388-б од Законот за трговски друштва.

**Претседател на управен одбор**

**Зоран Ѓуриќ**